Согласно потребите друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп го објавува следниот:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА НАБАВКА НА ОСНОВНО СРЕДСТВО ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА И ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА КОМПЛЕТНА ИЗВЕДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА**

**Купувач:** Тутунски Комбинат АД Прилеп – ( за потребите на Погон Цигари ул. Карпалак бр.7, 7500 Прилеп)
**Понудата треба да содржи:**
**1. Основен проект со вклучена ревизија кои ги содржи следните фази:**
- фаза архитектура
- фаза градежно конструктивен дел – статика
- фаза електрика

**2. Комплетно решение, испорака и монтажа на опремата по принцип клуч на рака, посредување во постапката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност (производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија).**

**Краток опис на набавката:**
Фотоволтаичните модули ќе бидат поставени на лимен кров со изолација на објект (10 магацини) во сопственост на Тутунски комбинат АД Прилеп со површина од 7.372,60 м2. Фотоволтаичната централа треба да биде со вкупен капацитет до 1 MW во зависност колку дозволува расположливата површина.
ФВ модули го следат наклонот на кровот на објектот, дел ќе имаат ориентација југоисток, дел кон северозапад. Не постојат природни и вештачки пречки кои би можеле да влијаат на оптималното функционирање на системот.
Ако производството е поголемо од сопствената потрошувачка тогаш електричната енергија може да се продаде на локален дистрибутер на електрична енергија преку мрежата.
Вкупниот број на ФВ модули кои ќе бидат инсталирани се во зависност од расположливата површина за инсталација.

**Понудата да ги содржи следните документи:**
1. Тековна состојба за правното лице-понудувач не постара од 5 дена од денот на објавување на јавниот повик
2. Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што правното лице-понудувач е регистриран не постаро од 6 месеци од објавувањето на јавниот повик во јавното гласило,
3. Изјава на правното лице-понудувач дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари, привремена или трајна забрана за вршење дејност и забрана за учество на постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,
4. Изјава за сериозност на правното лице-понудувач-економски оператор или банкарска гаранција во износ од 5% од вредноста на понудата или депозит на сметката на Тутунски комбинат АД Прилеп во износ од 5% од износот на понудата,
5. Лиценца Б за изведба
6. Лиценца А за проектирање
7. Референца на изведени објекти од сличен вид со вкупно минимум 2 MW
8. Годишен обрт на фирмата учесник од минимум 1.000.000 евра
9. Сертификати кои треба да ги поседуваат фотоволтаичните модули:
Производниот процес на производство на фотопанелите да е сертифицирано со следните стандарди:
- Стандард за систем на квалитет ISO 9001:2015
- Стандард за управување со животна средина ISO 14001:2015
- Стандард за менаџирање со здравје и безбедност при работа

**Производите да се со следниот стандард:**
IEC 61215 / IEC 61730 / CE сертификат
10. Изјава од изведувачот дека е согласен со Драфт договорот кој претходно ќе им биде достапен на увид по нивно барање или на страната www.tkprilep.com.mk

**Останати услови кои треба да ги исполни понудувачот и да бидат внесени во понудата:**
Набавката не е деллива по ставки односно еден ист понудувач е потребно да понуди набавка на опремата и целосна инсталација како и изработка на основниот проект.

**Критериум за избор на најповолна понуда:**
Цена изразена во МКД.
Квалитет на производ и услуга.
Време на испорака и изведба.
Начин и рок на плаќање.
(Во случај на понуда со аванасно плаќање понудувачот е должен да обезбеди банкарска гаранција за износот на авансот)
Гарантен период
Други поволности.
Понудите да бидат испратени во две плика и тоа, внатрешното плико да ги содржи називот и адресата на понудувачот, а на надворешното плико да стои називот и адресата на примачот со назнака **"НЕ ОТВАРАЈ - НАБАВКА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА"**.
Рок за доставување на понудите: **07.04.2023г. до 10.00 часот** во архивата на Тутунски Комбинат АД Прилеп на адреса ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп.
Отворањето на понудите ќе биде јавно на ден **07.04.2023г. во 10.00 часот** во просториите на Тутутнски Комбинат АД Прилеп по што ќе се пристапи кон јавно усно негативно наддавање.
Конечниот избор на најповолна понуда ќе се изврши по 5 дена после јавното наддавање., Почетна цена во јавното наддавање ќе биде најниската цена од доставените понуди . По извршувањето на конечниот избор сите учесници ќе добијат известување за направениот избор. Постапката ќе биде завршена со потпишување на договор.
Претставниците на понудувачите на денот на отворање на понудите со себе да носат и да достават заверено полномошно на нотар со наведено овластување за учество на јавно отворање на понудите и наведено овластување за учество на усно јавно негативно наддавање по однос на јавниот повик за набавка на фотоволтаична централа.
Се препорачува понудувачите кои што ќе учествуваат на јавната набавка, а поради големината на целиот проект, да извршат увид во Погон Цигари на ул.Карпалак бр.7 Прилеп секој работен ден од 10.00 до 13.00ч. и да извршат свое скенирање на состојбата и да се информираат за се што им е потребно за да формираат понуда.
Избраниот најповолен понудувач обезбедува гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од вредноста на договорот.
Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.
Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во рок од 10 дена од денот на Одлуката за избор на најповолна понуда
Договорот се смета за склучен и ќе влезе во сила по доставување на банкарска гаранција. Потпишаниот договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета дека не е склучен.

За дополнителни информации понудувачите можат да се обратат во Тутунски Комбинат АД Прилеп.
Лице за контакт: Александар Бозароски тел. 075/451-954, е-маил: a.bozaroski@tkprilep.com.mk

**Тутунски комбинат АД Прилеп**